# ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ЗА ПРИМЕНАТА НА РЕГУЛАТИВАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРЕДИТНИОТ РИЗИК

Регулативата за управување со кредитниот ризик ги опфаќа Одлуката за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/13, 157/13 и 223/15) и Упатството за спроведување на Одлуката за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/13).

## Супервизорски стандарди за достасани за наплата, а ненаплатени побарувања

**Прашање:**

Дали банката треба да ги применува одредбите за отпис од регулативата за управување со кредитниот ризик при склучување на договор за отстапување, продажба на побарување?

**Одговор:**

Отстапувањето, продажбата на побарувањето на трето лице банката треба да го врши во согласност со прописите и соодветниот интерен акт. Договорот за отстапување, продажба на побарување на банката на трето лице со дисконт, во сметководствената евиденција се евидентира согласно со одредбите од Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/10, 165/12, 50/13 и 110/13) и треба да ги одразува одредбите предвидени во договорот за отстапување, продажба на побарувањето. При дефинитивна продажба на побарување со дисконтот, банката треба целосно да го депризнае отстапеното, продаденото побарување од својата евиденција, и не треба да евидентира побарување (ниту билансно, ниту вонбилансно) од оригиналниот должник. Следствено, дисконтот не треба да претставува отпис согласно со точката 41 од Одлуката за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 50/13, 157/13 и 223/15). Доколку, во согласност со одредбите од договорот не се исполнети условите за депризнавање, должникот треба да остане во сметководствената евиденција на банката.

При спроведувањето на овие трансакции, Банката е должна да ги има предвид и важечките даночни прописи.